

centropa

## *Захор - Запомни*

## *Приказната за Менахем и Фред*

Илај Елмкиес, фудбалер на израелската младинска репрезентација, не води низ животната приказна на Фред (роден 1929) и Менахем (роден 1932 година). Тие го поминаа дел од своето детство во Хофенхајм, во југозападна Германија. Во октомври 1940 година, заедно со нивните родители беа депортирани во логор за интернација Гурс, на југот на Франција. Тие го преживеале холокаустот само затоа што нивните родители биле подготвени да донесат тешка одлука - да се разделат од своите деца и да ги испратат во дом за деца без родители. По војната, момчињата тргнаа по својот пат. Фред емигрирал во САД, каде што станал почитуван инженер за воздухопловство. Тој почина во 2013 година. Менахем емигрирал во Израел во 1948 година, каде што работел во областа на образованието. Моментално живее во Ерусалим.

**Забелешки;**

***Ноќта на скршеното стакло*:** На 9-10ти Ноември 1938 година, еврејските синагоги низ Германија беа запалени. Членови на СА (Хитлеровата парамилитантна организација) и СС (Нацистички Јуришници) ги искршиле излозите на продавниците/фирмите кои биле сопственост на еврејски семејства. Тие исто така, ги напаѓале Евреите во нивните домови и истите ги уништувале. Според "официјалните" проценки, последиците на овој прогон, организиран од самата држава, биле: 91 смртен случај, уништување на 267 места за богослужба и центри на еврејските заедници и демолирање на 7.500 продавници/фирми. Имено, таа ноќ загинаа повеќе од 1.300 луѓе како директна или индиректна последица на ова насилство. Повеќе од половина од синагогите и други места за богослужба во Германија и Австрија беа сериозно оштетени или целосно уништени - најмалку околу 1.400. http://www.dhm.de/lemo/kapitel/ns-regime/ausgrenzung-und-verfolgung/novemberpogrom-1938.html

***Депортацијата од 1940 година (акцијата Вагнер-Буркел)*:** На 22 октомври 1940 година, целото еврејско население од југозападните германски региони Баден, Пфалц и Сарланд било депортирано во логорот за интернација Гурс, на југот на Франција. Дејствувајќи по сопствена иницијатива, *Галејтерите* (регионалните лидери на нацистичката партија) од Баден, **Роберт Вагнер** и од Сар-Пфалц, **Јозеф Буркел**, депортирале повеќе од 6.500 Евреи од 137 општини во југозападна Германија. Следниот ден областа била прогласена за "**judenfrei**" (без Евреи).

***Логорот за интернација Гурс*:** Во 1939 година, француската влада формираше импровизиран камп за интернација во Гурс, во југозападна Франција за да ги контролира бегалците кои припаѓале на републиканската страна од Шпанската граѓанска војна. По склучувањето на примирје помеѓу Вишиевска Франција и нацистичка Германија во Втората светска војна, логорот се користел како логор за интернација на Евреите од француските региони Алзас и Лорен, како и за Евреите од југозападна Германија. Оваа депортација беше дел од акцијата **Вагнер-Буркел**. Поради ужасните услови во логорот, голем број на затворениците набрзо умреле од болести и глад. Од 1942 година наваму, жителите на логорот беа испраќани во логорите на смртта во источна и централна Европа.

**Ортодоксен Јудаизам:** Ортодоксниот Јудаизам е едно од главните религиозни струења на современиот Јудаизам. Ортодоксните Евреи ја толкуваат Тората (во писмена и усна форма) како дословно откриена од Бога и придаваат огромно значење на почитувањето на религиозните закони.

**Кибуц:** *Кибуц* (Kibbutz) е хебрејски збор што означува колективна заедница во Израел. Кибуц е уникатна рурална заедница – систем заснован на принципите на взаемна помош и социјална еднаквост. Тоа претставува социо-економски систем каде луѓето го споделуваат трудот и имотот. http://www.hagalil.com/israel/kibbutz/kibbutz.htm

**ЗАДАЧИ:**

**Вовед:** Запишете (една до две реченици) за тоа како го толкувате значењето на зборот „дом“:

Активност за време на гледањето на филмот: Означете го точниот одговор.

**1.) Колку Евреи живееле во Германија во 1933 година? Колку од нив живееле во покраината Баден-Виртемберг, а колку во Хофенхајм?**

| | | |
|---|---|---|
| а. 2 милиони | 23,400 | 26 |
| б. 499,682 | 30,640 | 18 |
| в. 110,000 | 10,580 | 56 |

**2.) Во руралниот дел на Германија повеќето Евреи работеле како:**

а. Касапи

б. Продавачи на добиток

в. Банкарски службеници

**3.) Од 1937 година, Манфред (Фред) го посетувал еврејското училиште во:**

а. Хајделберг

б. Манхајм

в. Франкфурт

**4.) За време на *Ноќта на скршеното стакло*, синагогата во Хофенхајм била:**

а. Поштедена

б. Запалена

в. Уништена

**5.) Што направил Карл Маер со своите одликувања од Првата светска војна?**

а. Ги зачувал

б. Ги фрлил на земја

в. Морал да ги предаде

**6.) Колку време Манфред и Хајнц поминале во Гурс?**

а. 3 месеци

б. 4 месеци

в. 6 месеци

**7.) Кога бил концентрациониот логор Аушвиц ослободен од Советската Армија?**

а. На 27ми јануари, 1945 година

б. На 16ти април, 1945 година

в. На 8ми мај, 1945 година

**8.) Која држава е основана во 1948 година?**

а. Швајцарија

б. Јордан

в. Израел

**9.) На кој универзитет Менахем се посветил на проучување на природните науки?**

а. На универзитетот во Ерусалим

б. На универзитетот во Хаифа

в. На универзитетот во Тел Авив

**10.) Фред работеше во:**

а. Областа на автомобилската индустрија

б. Областа на прехранбената индустрија

в. Областа на аеронаутиката

**11.) Кога првпат Менахем се вратил во Хофенхајм?**

а. Во 1954 година

б. Во 1974 година

в. Во 1964 година

**12.) Фудбалерите на младинскиот тим на *TSG Академијата* на Хофенхајм учествуваа во создавањето на:**

а. Книга

б. Спомен плоча

в. Пешачка патека

**Активност по гледањето на филмот:**

На крајот од филмот Илај зборува за значењето на зборот *Захор – Запомни.* Продискутирајте дали е важно да истражувате за историјата на вашето семејство, за регионот каде живеете и за вашата земја, а потоа да ги пренесете вашите сознанија. Напишете неколку реченици за тоа.

**За наставниците:**

Овој наставен план е наменет за час во времетраење од 45 минути, но истиот може да се прошири. Се препорачува да се примени со ученици од деветто одделение, или со ученици во средно училиште. Особено е погоден за обработка на часовите по јазик и литература, етика, веронаука и историја.

*Го предлагаме следниов пристап:*

| ***Време*** | ***Ученици/Наставник Активност*** | ***Динамика*** | ***Наставни средства*** |
|---|---|---|---|
| 3 минути | Приближување на темата на часот. | Фронтален пристап | |
| 5 минути | Наставникот поделува работен лист;<br>Учениците ги читаат задачите;<br>Вовед;<br>Објаснување на клучните поими; | Индивидуално читање | Работен лист/Задачи |
| 25 минути | Учениците изработуваат задачи по претходно гледање на филмот **(2 мин.)**<br>Учениците гледаат филм, означувајќи ги точните одговори **(18 мин.)**<br>Учениците изработуваат задачи по гледањето на филмот **(5 мин.)** | Гледање, рефлектирање | Филм *Захор*<br>Задачи |
| 12 минути | Наставникот ги проверува одговорите на учениците;<br>Наставникот отвора дискусија за одговорите на учениците од филмот и ги извлекува заклучоците од часот. | Дискусија со целото одделение | Работен лист со дадени одговори |

**Одговори:**

**1.) б**
**2.) б**
**3.) а**
**4.) в**
**5.) б**
**6.) б**
**7.) а**
**8.) в**
**9.) а**
**10.) в**
**11.) б**
**12.) в**